Бр. 04-124/6
Скопје, 11.03.2026

Врз основа на Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на РСМ бр. 27 / 14 и сите понатамошни измени и надополнувања), Законот за работните односи (Службен Весник на РМ 62/05 и сите понатамошни измени и надополнувања) и Правилникот за систематизација на работни места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи бр. 01-125 / 1 од 22.03.2023 година, како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи бр. 01 – 327 / 1, Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, на 11.03.2026 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС

**СЕ ПОНИШТУВА** Јавниот оглас за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Возач II, објавен во весниците „Вечер“ и „Лајм“ на ден 04.03.2026 година поради постоење на технички грешки во содржината на огласот.

1. Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе биде објавена на официјалната веб страна на Комисијата.

### Образложение

Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи донесе Одлука за поништување на јавен оглас за вработување на еден извршител – Возач II, кој беше објавен на 04.03.2026 година во два дневни весника поради постоење на технички грешки во оргиналниот текст на огласот кои беа забележани по неговото објавување.

Техничката грешка се однесува на насловот на огласот каде е наведено дека работното место е на неопределено време, додека пак во текстот кој следува наведено е дека работното место е на определено време. Со оглед дека конкретното работно место е на неопределено време, а поради точност и веродостојност на податоците кои се објавуваат на јавните огласи потребно е наведениот оглас да биде повлечен, каде што по корегирање на техничките грешки и усогласување на текстот истиот ќе биде повторно објавен.


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Земајќи го во предвид сето горенаведено, Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи донесе одлука како во диспозитивот.

**Скопје, 11.03.2026 година**

**Директор**
**Оливера Трајковска**

Република Северна Македонија Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Komisioni për marrëdhëniet me bashkësitë fetare dhe me grupet religjioze Shkup



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија